# Земја на соништата

**Николас Спаркс**

САКАМ КНИГИ

За Аби Кунс, Андреа Меј и за Емили Свит.

# ДЕЛ I

## Колби

# 1

Да ви кажам кој сум: се викам Колби Милс имам дваесет и пет години и во моментов седам на столче на склопување со дезен од риги во Сент Пит Бич на Флорида, денес е прекрасна сабота во средината од месец мај. Преносниот ладилник стои веднаш до мене и полн е до горе со пива и со шишиња вода преку мраз, а температурата на воздухот е речиси совршена, со рамномерно ветре доволно силно да ги избрка комарците од мене. Зад мене се издига хотелот „Дон Сезар“, раскошен сместувачки капацитет кој ми личи на розова верзија на Таџ Махал, а откај отворениот базен до мене допира жива музика. Типот кој изведува си е тамам; повремено ќе утне понекој акорд, но мислам дека тоа всушност и не му пречи никому околу него. Откако се сместив на местово, неколкупати ѕирнав кон просторот околу базенот и забележав дека повеќето гости цело попладне вредно „работат“ на нивните коктели, што значи дека веројатно ќе уживаат да слушаат речиси сѐ што ќе им се понуди.

Патем, не сум одовде. Пред да стасам тука, дури и немав слушнато за местово. Кога луѓето од дома ќе ме прашуваа каде се наоѓа Сент Пит Бич им објаснував дека тоа е гратче со убава плажа веднаш преку насипот од Тампа, во близина на Сент Питерсбург и Клирвотер на западниот брег на Флорида, но тоа не помагаше многу. За повеќето луѓе во моето место, Флорида значеше забавни паркови во Орландо и женски во бикини послани на плажите во Мајами, заедно со куп други места кои не интересираа никого премногу. Искрен да бидам, пред да стасам овде, за

мене Флорида беше просто една сојузна држава со чудна форма која виси како издадена од источниот брег на Соединетите Држави.

Што се однесува до Сент Пит, најдоброто во него е величествената плажа со бел песок, најубавата што некогаш сум ја видел. На брегот се послани мешани луксузни хотели и евтини мотели, но повеќето од маалата најчесто изгледаат како живеалишта за средната класа, во нив живеат пензионери и обични работници, а има и семејства кои уживаат во економични одмори. Тука се вообичаените ресторани за брза храна, мали трговски центри до патот, вежбалници, дуќани во кои се продаваат евтини предмети за на плажа, но и покрај овие очигледни знаци на модерното време, во гратчево има нешто кое создава атмосфера како да е малку заборавено.

Сепак, мора да признаам дека ми се допаѓа овде. Технички кажано овде сум дојден за да работам, но всушност повеќе сум како на одмор. Четирипати во неделата имам „тезга", свирам во барот на плажа „Кај Боби Ти", но настапот ми трае само по неколку часа, што значи дека ми останува долго време да џогирам и да се сончам, а и онака, да не правам апсолутно ништо. Човек дури може и да се навикне на ваков живот. Гостите во барот „Кај Боби Ти" се срдечни – точно е дека најчесто се пијани исто како и во „Дон Сезар", но сепак, нема ништо подобро одошто да свириш пред публика која знае да цени што слуша. Особено ако се знае дека всушност сум никој и ништо од друга сојузна држава, дека, да речам, престанав да изведувам два месеца пред да матурирам. Во изминативе седум години, овде-онде сум свирел за пријатели или за некој познат кој правел забава, но приближно толку. Периодов музиката ја сметам за хоби иако хоби кое многу го сакам. Најмногу уживам кога цел ден ќе ми помине во свирење или во компонирање песни иако во вистинскиот живот баш и немам многу време за тоа.

Но во првите десет дена што сум овде, ми се случи нешто интересно. Првите неколку настапи ми минаа како што и очекував, публика ми беа гости за кои претпоставив

дека се типични за „Кај Боби Ти.“ Беа зафатени околу половина од слободните места, повеќето луѓе беа дојдени за да уживаат во зајдисонцето, во разни коктели и во меѓусебни муабети додека некоја музика им свири во заднина, но кога настапив третпат, сите места беа зафатени и препознав лица на луѓе кои дошле и претходно да ме слушаат. Кога излегов на сцена четвртиот пат, не само што сите места беа зафатени, туку имаше и групичка луѓе подготвени дури и да постојат малку за да ме слушаат како свирам. Речиси никој не го гледаше зајдисонцето, па почнаа да ми бараат да свирам некои од моите оригинални песни. Мислам, музички желби за „класици на баровите на плажа“, како „Самер оф siксти најн“, „Американ пај“ и „Браун ајд грл“ беа вообичаени работи, но некој да бара да ја слуша мојата музика? И потоа, баш синоќа, гостите се прелеаја и на плажата, се наместија дополнителни столови, ги поставија звучниците за да можат сите да ме слушаат. Додека се местев пред настап, претпоставив дека ова е обична мешаница како за петок навечер, но одговорниот Реј ме увeруваше дека не е типично она што се случува. Всушност, рече дека досега не видел толку гости собрани „Кај Боби Ти.“

Поради ова требаше да ми биде мило, нели, претпоставувам дека донекаде и ми беше. Сепак, не му придадов толку големо значење. Најпосле, да изведуваш за пивнати летувалци во бар на плажа со посебни цени за пијачките на зајдисонце, е далеку од тоа да распродаваш концерти на стадиони низ целата земја. Признавам, пред години, сон ми беше да ме „откријат“ – мислам дека такво нешто е сон на секој што многу сака да настапува –, но тие сништа постепено ми испарија во светлината на новозатечената стварност, но не сум огорчен поради ова. Логичарот во мене знае дека она што го посакуваме и она што на крај го добиваме обично се две сосем различни нешта. Освен тоа, за десет дена, ќе мора да тргам за накај дома, да му се вратам на оној ист живот кој го живеев пред да дојдам овде на Флорида.

Не сфаќајте ме погрешно. Мојот „вистински“ живот не е лош живот. Прилично сум добар во она што го работам

иако долгите часови поминати во таа работа знаат да те изолираат. Никогаш не сум патувал надвор од земјава, никогаш не сум летал со авион и само неодредено знам по нешто за најновите вести, главно зашто оние што зборуваат на телевизија во разни емисии и на вести, ме умираат од досада. Раскажете ми што се случува во нашава земја или низ светот, зборувајте ми за некоја многу важна политичка тема и ќе видите колку ќе се изненадам. Иако веројатно некои ќе се навредат, да кажам и дека дури и не гласам на избори, а единствената причина поради која го знам презимето на гувернерот е што еднаш свирев во бар по име „Кај Купер“ во округот Картерет блиску до брегот на Северна Каролина, на оддалеченост од околу еден час од мојот дом.

Е сега, во врска со тоа...

Живеам во Вашингтон, тоа е едно гратче кое се наоѓа на брегот на реката Памлико во источниот дел на Северна Каролина иако многумина го нарекуваат Малиот Вашингтон или Првичниот Вашингтон, а со цел да не се помеша моето родно гратче со престолнината на нашава земја, оддалечена пет часа на север. Божем е воопшто можно некој да ги помеша. Вашингтон и Вашингтон, Округот Колумбија се разликуваат меѓу себе колку што воопшто можат две места да се разликуваат, главно бидејќи престолнината е голем град околу кој има предградија и претставува средиште на моќта, додека моето гратче е мало и рурално со супермаркет по име „Пигли вигли.“ Овде живеат помалку од десет илјади жители, а кога бев тинејџер, често се прашував зошто некој воопшто би сакал да живее во гратчето. Најголем дел од животов копнеев да избегам најбрзо што можам, но сега, заклучив дека имало и полоши места што можеш да ги нарекуваш свој дом. Вашингтон е мирно место, жителите се љубезни, од оние кои ти мавтаат додека возиш крај нив, а тие седат на нивните тремови. Крај реката има убаво шеталиште со неколку пристојни ресторани, а ако ви се допаѓа уметноста, гратчето може да се пофали со театарот Турниџ, каде локалците можат да гледаат претстави што ги изведуваат други локалци. Има училишта

и продавница на „Волмарт" и ресторани за брза храна, а и има идеални временски прилики. Снег врне можеби еднаш-двапати секоја втора-трета година, а температурата летно време е многу поумерена одошто на други места како во Јужна Каролина или во Џорџија. Популарна разонода е едрењето по реката, а некогаш и мене ќе ми текне да качам штица за сурфање одзади на пикапот и да одам да фатам некој бран пред дури и да го допијам моето големо кафе за, носење. Во близина по автопатот, по дваесет и пет минути лежерно возење, се стасува до Гринвил, не толку голем град, со студентски спортски томови и со кина и со поразновидни ресторани.

Со други зборови, овде баш ми се допаѓа. Обично дури и не помислувам дали пропуштам нешто покрупно или подобро или не знам што. Најчесто ги прифаќам работите како што доаѓаат и настојувам да не очекувам многу ниту да не се каам многу. Можеби не изгледа како нешто посебно, но мене ми врши работа.

Веројатно тоа нешто има врска со моето воспитание. Како мал, живеев со мајка ми и со сестра ми во една куќичка близу до кејот. Татко ми не го запознав никогаш. Сестра ми Пеџ е шест години постара од мене, а сеќавањата на мама ми се магливи, заматени од времето кое минало во меѓувреме. Нејасно се сеќавам како боцкав една жаба што скокаше низ тревата и уште помнам како еднаш мама пееше во кујната, но тоа е приближно сѐ. Мама почина кога имав пет години, па со сестра ми се вселивме да живееме кај моите тетка и тетин на нивната фарма на периферијата од гратчето. Тетка ми беше многу постарата сестра на мајка ми и иако тие две никогаш не биле многу блиски порано ми остана како единствен жив член на семејството. Моите тетка и тетин сметаа дека го прават она што мора да се прави во врска со нас бидејќи така беше исправно да се постапи.

Добри луѓе се тие, тетка ми и тетин ми, но никогаш немале нивни деца и се сомневам дека навистина знаеле на што ќе се нафатат. Речиси целото време им го одземаше работењето на фармата, а ние со Пеџ не бевме баш најлесни деца за чување, особено на почетокот. Често ми

се случуваа несреќни случаи – во она време, растев брзо како плевел и ми се чини дека се чукнував од сè и сешто речиси на секој чекор. Исто така, многу сум плачел – изгледа, најмногу по мајка ми – иако јас лично не го помнам ова. Што се однесува до Пеџ, таа беше максимален пример за превртливи расположенија кај тинејџерите. Знаеше да вреска, да липа или да збесне без најава и кога немаше причини за тоа, а минуваше по цели денови заклучена во нејзината соба каде плачеше и одбиваше да јаде. Со тетка ми од самиот почеток беа како оган и мраз, но до неа секогаш се чувствував безбедно. Тетка ми и тетин ми навистина се трудеа и даваа сè од себе, но сигурно им беше напорно и така, малку по малку, на сестра ми ѝ се падна задачата да ме одгледува. Токму таа ми го пакуваше ручекот за на училиште и ме испраќаше до училишниот автобус; токму таа за викенди ми правеше супа од кесичка или макарони со сирење и седеше до мене додека гледав цртани филмови. А, бидејќи делевме соба, токму со неа си зборував пред да заспијам. Понекогаш (иако не секогаш) ми помагаше да ги одработам моите обврски низ домаќинството, покрај своите: во основа, фармерството и работење низ домаќинство имаат исто значење. Пеџ неспорно и дефинитивно беше личноста на која најмногу ѝ верував на цел свет.

А и талентирана беше. Многу сакаше да црта и знаеше со часови да седи и да скицира, па затоа воопшто не ме изненадува што на крајот стана уметница. Сега заработува за живот така што работи со боено стакло: рачно изработува реплики од оние ламбите од „Тифани“ кои чинат јаки суми и се популарни кај декоратерите на ентериери за богатите. Си изгради солиден онлајн-бизнис и горд сум на неа, не само поради она што ми значеше кога растев, туку бидејќи е сега тука иако животот ѝ задаваше разни удари. Признавам дека во одредени периоди се чудев како воопшто може да тера натаму.

Да не ме сфатите погрешно во врска со моите тетка и тетин. Точно е дека Пеџ внимаваше на мене, но тие секогаш ги правеа важните работи. Со Пеџ спиевме во пристојни кревети и секоја година добивавме нова облека за

на училиште. Во ладилникот секогаш имаше млеко, а во креденецот грицки. Ниеден од нив двајцата не беше насилен, ретко го повишуваа тонот и мислам дека единствен пат кога сум ги видел со чаша вино беше за една нова година кога бев тинејџер, но фармерството е напорна работа; на многу начини, фармата личи на дете кое секогаш многу бара и има потреби, па затоа немаа време или енергија да доаѓаат на нашите училишни настани или да носат на роденден кај некое другарче, па дури ниту да се подаваат со рагби-топка со нас преку викенди. На фарма викенди нема; саботите и неделите се како и секој друг ден од неделата. Веројатно единственото кое вистински го правевме заедно како семејство беше тоа што заедно вечеравме секој ден во осумнаесет часот. Некако, како да ги помнам сите наши вечери, најмногу зашто секоја вечера беше точно иста како сите други. Ќе нè повикаа в кујна, каде ќе помагавме да се сервира јадењето на маса. Откако ќе седневме, а тетка ми, повеќе од што чувствуваше обврска одошто дека навистина ја интересираше, ќе нè прашаше со сестра ми како сме поминале на училиште. Додека ѝ одговаравме, тетин ми ќе намачкаше путер врз две фелии леб сеедно што имавме за вечера и немо ќе кимаше со главата на нашите одговори, сеедно што ќе речевме. Потоа, нашиот вечерен оброк го обележуваше само звукот на приборот за јадење додека ѕвечкаше од чиниите. Понекогаш, ние со Пејџ ќе си разговаравме нешто, но тетка ми и тетин ми ќе се концентрираа на тоа да дојдадат, небаре вечерата беше уште една домашна обврска што мораше да се заврши. И двајцата општо земено беа тивки луѓе, но тетин ми го издигаше молчењето на сосем ново ниво. Ќе минеа денови без воопшто да го слушнам да изусти и збор.

Но правеше едно нешто: свиреше гитара. Немам поим каде научил да свири, но свиреше пристојно и имаше еден треперлив и звучен глас со кој го привлекуваше слушателот. Најмногу ги сакаше песните од Џони Кеш или од Крис Кристоферсон – како што ги нарекуваше, *кантри народна* – и, еднаш-двапати неделно по вечерата, ќе седнеше на тремот ќе свиреше. Кога почнав да искажувам интерес – мислам дека имав седум-осум години во тоа време – ми ја

подаде неговата гитара и, со дланките полни со плускавци, ми помогна да ги научам акордите. Во никој случај не бев роден талент, но тој беше изненадувачки трпелив со мене. Дури и толку рано во животот, сфатив дека сум ја нашол својата страст. Пеј ѕ го имаше сликарството, а јас музиката.

Почнав да вежбам самостојно. Почнав и да пеам, најмногу песни какви што пееше тетин ми бидејќи единствено тие и ми беа познати. Моите тетка и тетин ми подарија акустична гитара за Божиќ, следната година електрична гитара, па вежбав на нив и се научив да ги свирам по слух песните што ги пуштаа на радио иако никогаш не научив да читам ноти. До дванаесетгодишна возраст ми беше доволно само еднаш да слушнам некоја песна и потоа речиси совршено да ја отсвирам и самиот.

Како што растев, природно ми се зголемуваа работните обврски на фармата, а тоа значеше дека никогаш не стасував да вежбам онолку колку што сакав. Не беше доволно наутро да им дадам храна и вода на кокошките; морав да поправам цевки за наводнување или цели часови да стојам под сонце додека тргав црви од лисјата тутун и ги дробев со прсти, што е токму толку одвратно колку што звучи. Долго пред да стасам до тинејџерските години, научив да возам сè со мотор во него – трактори, мали багери, жнеачи, требачи, ама сè – и, по цели викенди го работев само тоа. Научив и како да средувам или поправам сè што ќе се расипеше иако на крај почнав да го презирам сето тоа. Бидејќи работните обврски и музиката ми го одземаа речиси целото слободно време, некаде мораше да попуштам, па почнаа да ми се расипуваат оценките во последните две одделенија од основно училиште. Не ми беше гајле. Единствениот предмет кој навистина ми значеше беше музичко воспитание, особено бидејќи наставничката ми беше аматер-композитор. Таа особено се заинтересира за мене, па со нејзина помош ја компонирав мојата прва песна кога имав дванаесет години. Тоа наполно ме привлече и потоа почнав да компонирам музика со стихови речиси без прекин, а притоа постепено станував сè подобар во тоа.

Дотогаш Пејџ веќе работеше заедно со една локална уметница специјализирана за боено стакло. Додека учеше средно работеше во нејзиниот дуќан со скратено работно време, но уште пред да матурира веќе почна да смислува свои ламби инспирирани од стилот на „Тифани.“ За разлика од мене, Пејџ цело време имаше прилично добри оценки, но немаше желба да продолжи на колеџ. Наместо тоа, работеше за да си изгради свој бизнис и на крај запозна еден тип во кого се вљуби. Ја напушти фармата, се исели од сојузната држава, се омажи. Речиси и не контактирав со неа во тие години откако замина; дури и откако се породи, кусо ќе ја видев при ретките кратки разговори на Фејстајм во кои изгледаше уморна додека го држеше в раце нејзиното расплакано дете. За првпат во животот, почувствував дека всушност никој не внимава на мене.

Ако се собере сето тоа – моите тетка и тетин преоптоварени со работа, мојата незаинтересираност за училиштето, тоа што сестра ми се исели, работните обврски кои постепено почнав да ги мразам – не изненадува што почнав да се бунтувам. Штом тргнав во средно се здружив со група момчиња кои имаа исти склоности, па се буцкавме меѓу себе да правиме разни работи. На почетокот, се работеше за ситници – фрлавме камења низ прозорците на напуштени куќи им телефониравме на случајно избрани луѓе со измислици среде ноќ, крадевме по некое чоколатце овде-онде од бакалницата, но по неколку месеци, еден од другарите украде шише џин од витрината со жестоки пијалаци на татко му. Се најдовме крај реката и пиевме сите од шишето што си го подававме: испив премногу и до крајот на таа вечер повраќав цело време и, штом веќе сум искрен, ќе признам дека не си ја научив лекцијата. Наместо да одбијам да се напијам секогаш кога ќе ми дојдеше редот со шишето, минував безброј викенди со малку заматен ум. Оценките ми останаа за никаде, но сега почнав и да прескокнувам одредени обврски на фармата. Не сум горд на оној кој тогаш бев, но исто така знам и дека е невозможно да се смени минатото.

Но штом тргнав во втора година средно доживеав уште еден пресврт. Дотогаш веќе постепено се оддалечив

од оние другарите-губитници и од муабети одоколу слушнав дека на еден локален бенд им треба нов гитарист. *Зошто да не?* си помислив. Имав само петнаесет години и кога дојдов на аудиција видов како другите момчиња од бендот – сите во своите дваесетти години – се воздржуваат да не прснат во смеа. Ги игнорирав, ја приклучив мојата електрична гитара и го отсвирив солото „Ирапшн“ од Еди Ван Хејлен. Прашајте кого сакате, сите ќе ви речат дека не е лесно. Да скратам: на крај свирев на мојата прва свирка заедно со нив следниот викенд, откако им ја отслушав целата програма на само една проба што претходно ја имавме. Во споредба со нив – со нивните пирсови, тетоважи, долги коси или бланширани кратко потстрижани „боцки“ – личев на момче од црковен хор, па цело време ме држеа одзади на сцената блиску до тапанарот, дури и кога свирев соло.

Ако музиката претходно не ми го обземала целосно животот, набргу ми стана сѐ. Повеќе не ја кратев косата, илегално се тетовирав и на крај момците од бендот ми дозволија да изведувам напред до нив. На фармата, престанав да ги одработувам сите мои обврски. Моите тетка и тетин не знаеја што да прават, па решија да ме игнорираат, што ги сведуваше на минимум нашите меѓусебни судири. Дури престанавме и да јадеме заедно. На музиката ѝ посветував сѐ повеќе време, при што фантазирав како ќе сум свирел пред огромна публика на распродадени концерти.

Сега кога размислувам за тоа, веројатно требаше да знам дека од тоа никогаш немаше да биднe ништо бидејќи самиот бенд не беше до толку добар. Сите наши песни беа во оној манир со многу врескање, пост-панк лудување и иако некои уживаа во таква музика, прилично сум сигурен дека повеќето од луѓето во публики пред кои свиревме во источниот дел од Северна Каролина и не паѓаа баш во бессознание од нашето свирење. Сепак, некако успеавме да најдеме ситно слободно место на сиот тој пазар, па речиси до крај од мојата четврта година во средното училиште, свиревме по дваесет до дваесет и пет викенди годишно и на подалечни мали места, дури до Шарлот.

Но во бендот имаше напнатост која само се влошуваше со текот на времето. Пејачот, главниот вокал настојуваше да ги свириме само песните што тој ги напишал и иако можеби не звучи како нешто многу важно знам дека многу бендови се распаднале повеќе поради егото одошто поради нешто друго. Згора на тоа, ние другите во бендот знаевме дека повеќето негови песни се само просечни. На крај, пеачот објави дека ќе се селел во Лос Анџелес да се испроба сам бидејќи никој од нас не му ја ценел генијалноста. Штом си замина тој, тапанарот – имаше дваесет и седум години и беше најстар меѓу нас – објави дека и тој се повлекува, што исто така не нè изненади бидејќи неговата девојка веќе извесно време пред тоа го притискаше да се смири на едно место. Тапанарот ја расклопи својата опрема и си ја спакува во автомобилот и додека го правеше тоа, ние тројцата останати си кимнавме со главите еден на друг, знаејќи дека е готово сè, по што и ние се спакувавме секој за себе. По таа вечер, никогаш повеќе не прозборев со ниеден од нив.

Чудно, но не бев толку деприимиран колку што едноставно бев изгубен. Колку и да уживав кога настапував со нив имаше и премногу драма, а премалку вистински залет да го однесе бендот каде било. Истовремено немав поим што ќе правам во животот, па така некако автоматски матурирав – веројатно бидејќи професорите не сакаа да си имаат работа со мене уште една година – и минував многу време во мојата соба каде што компонирав и снимав песни што потоа ги поставував на Спотифај, на Инстаграм и на Јутјуб, но како никого да не го интересираше, па така, малку по малку, повторно почнав да подработувам на фармата иако беше очигледно дека моите тетка и тетин одамна беа кренале раце од мене. Уште поважно почнав да размислувам за својот живот, особено зашто минував повеќе време на имотот. Колку и да бев занесен само со себе, дури и јас можев да видам дека моите тетка и тетин converted стареат, а фармата се мачи. Кога како дете за првпат пристигнав на таа фарма, одгледуваа пченка, памук, капини, тутун, а и илјадници кокошки за подоцнежна обработка. Сето тоа се имаше изменето тие последни неколку години.

Неквалитетните култури, лошите деловни одлуки, лошите цени и лошите заеми, сето тоа придонесе моите тетка и тетин да продадат или да издаваат на соседи голем дел од првичното земјиште. Се прашував како сум можел да не ги забележам промените додека се случувале иако добро го знаев одговорот на тоа прашање.

И тогаш, едно топло августовско утро, тетин ми доживеа силен срцев напад додека чекореше да се качи на трактор. Левата антериорна надолна артерија му се блокирала на самиот нејзин почеток; од болницата објаснуваа дека ваков вид срцев напад често се опишува како „создавач на вдовици“ бидејќи шансите за преживување се неверојатно мали. Можеби поради сиот оној путер што го мачкаше на леб за вечерите, но тетин ми почина дури и пред да пристигне возилото на брзата помош. Тетка ми беше таа која го пронајде како лежи; никогаш не сум слушнал некој да вреска и да завива како што таа врескаше и завиваше тоа утро.

Пејџ се врати дома за погребот и потоа остана уште малку, откако претходно ги остави детето да го чуваат сопругот и свекрвата. Се грижев дека нејзиното враќање ќе создаде уште повеќе напнатост, но сестра ми како да сфати дека нешто во тетка ми се скршило исто како што и таа самата некогаш се чувствувала скршено. Не можеш да знаеш што им се случува на другите во нивните приватни животи, но моите тетка и тетин никогаш не се однесуваа онака романтично еден кон друг, па пораснав мислејќи си дека тие се повеќе деловни партнери одошто две личности длабоко вљубени еден во друг. Очигледно сум немал право. По смртта на тетин ми, тетка ми како да се стутка во себе. Одвај јадеше и секогаш носеше шамивче в рака за да ги брише солзите кои непрекинато ѝ се излеваа од очите. Пејџ со часови слушаше познати приказни, ја одржуваше куќата и внимаваше работниците на фармата да ги почитуваат зададените распореди, но не можеше да остане засекогаш, па откако замина, одеднаш се затекнав како се обидувам да се грижам за сите работи онака како што претходно правеше сестра ми.

Ја водев фармата и внимавав тетка ми да јаде доволно, а покрај тоа, почнав да го разлистувам купчето фактури и евиденција од работната маса на тетин ми. Дури и со најосновните математички познавања кои ги имав, знаев дека целото работење од материјална страна е за никаде. Иако од тутунот сè уште се заработуваше, кокошките, пченката памукот беа станале постојан извор на трошоци. Во обид да избегне да банкротира, тетин ми веќе беше договорил да даде уште повеќе земја под закуп на соседите. Тоа ќе го решеше непосредниот проблем, но знаев дека долгорочно гледано ќе ѝ создаде уште поголем проблем на фармата. Првата реакција ми беше да ја натерам тетка ми веднаш да го продаде остатокот од фармата за да може да си купи куќичка и да се пензионира, но таа веднаш ја отфрли таа замисла. Некаде во тоа време, најдов исечоци од различни списанија и весници што тетин ми ги сечел и ги собирал, а во кои се зборуваше за пазарот достапен за поздрави и поегзотични прехранбени производи: тетин ми со ова имаше запишано разни белешки и предвидувања за можни приходи. Можеби беше тивок човек и општо земено не некој брилијантен бизнисмен, но сепак очигледно беше размислувал за промени. За ова разговарав со тетка ми и таа на крајот се согласи дека единствената можност е да ги спроведеме плановите на тетин ми.

Немавме пари да сториме многу веднаш, но во изминативе седум години, со огромни напори, ризици, предизвици и со финансиска помош од Пејџ, потоа со повремени пробиви на чиста среќа и по премногу непроспани ноќи, полека преминавме од одгледување кокошки за обработка во индустријата до специјализирано производство на органски јајца од слободни кокошки од кои оствaруваме многу поголема добивка; ги нудиме во дуќани низ цела Северна и Јужна Каролина. Иако и натаму одгледуваме тутун, на преостанатата земја сме концентрирани да одгледуваме нехибридни домати, од оној вид кој сега е популарен во отмените ресторани и во скапите бакалници, па и од нив оствaруваме мошне голема добивка. Пред четири години, од фармата по долго време се оствари заработка, па почнавме да го намалуваме долгот до разумни суми.

Дури и вративме дел од земјата издадена под закуп на соседите, па фармата всушност повторно расте, а лани од неа заработивме повеќе од кога било.

Како што реков, прилично сум добар во она што го работам.

А, всушност, јас сум фармер.

# 2

Да, да, знам: дури и јас понекогаш се изненадувам по колку неверојатен пат ми тргнала работната кариера, особено зашто долги години претходно имав зловолен став кон речиси сè поврзано со фармата. Со текот на времето, прифатив дека не секогаш добиваме шанса да си ја избереме животната патека; понекогаш, животната патека нè избира нас.

Исто така, мило ми е што можам да ѝ помагам на тетка ми. Пејџ се гордее со мене, а тоа би требало да го знам бидејќи во последно време често се гледаме. Нејзиниот брак заврши многу неубаво – да не речам, на најлош можен начин – па, пред шест години се врати на фармата. Едно време сите живеевме во куќата како на времето, но набргу сфативме дека делењето соба меѓу брат и сестра, сега како возрасни, не е нешто што сака да го прави ниту Пејџ, а ниту јас. На крајот, на тетка ми ѝ изградив помала куќа полесна за одржување која се наоѓа малку понатаму на имотот. Сега со сестра ми живееме во иста куќа, што можеби некому му звучи чудно, но јас уживам во тоа бидејќи таа и натаму ми е најдобар пријател на светов. Таа го работи она нејзиното боено стакло во шталата, јас работам на фармата и неколкупати во неделата седнуваме да јадеме заедно. Научила да готви пристојно па кога ќе седнеме на маса, понекогаш си спомнувам на сите вечери додека растевме кога така седевме заедно и вечеравме.

Со други зборови, периодов животот ми е мошне добар, ама има една работа: Кога им велам на луѓето дека сум фармер, повеќето кимаат со главите и ме гледаат некако чудно и често не знаат што следно би ми рекле, но

ако им кажам дека моето семејство е сопственик на фарма, се разведруваат, се насмевнуваат и почнуваат да ме распрашуваат. Не знам баш точно зошто се добива таква различна реакција, но да: ми се има случено во неколку наврати откако дојдов овде на Флорида. Понекогаш, по настапот, ми приоѓаат луѓе и почнуваат да разговараат со мене и откако ќе сфатат дека не сум некое познато музичко име, следната тема на разговор е со што се занимавам. Научив да кажам или дека сум фармер или дека поседувам фарма, а зависно од тоа сакам ли разговорот да продолжи или не.

Иако последниве години успешно работиме, напорот од фармерскиот живот знае многу да измори. Секојдневните одлуки често имаат долгорочни последици и секој избор е верижно поврзан со втор и со трет. Да го носам ли тракторот на поправка за да имам повеќе време да се концентрирам на муштериите или самиот да го поправам и така да заштедам илјада долари? Да ја проширам ли понудата нехибридни домати или да се специјализирам само за неколку типа, а за сметка на тоа да склучам договори со повеќе продажни места? А и мајката природа е своеволна, па иако ќе донесеш одлука што во тој момент ќе ти изгледа како исправна, неубави нешта секако се случуваат. Ќе работат ли добро греалките за на кокошките да им биде доволно топло во ретките прилики кога врне снег? Ќе нè одмине ли ураганот или ветрот и дождот ќе ни ја уништат летината? Секој ден сум одговорен да одгледувам здрави земјоделски култури и кокошки и секој ден испаѓа нешто кое само ми го усложнува тој предизвик. Нештата постојано растат, но истовремено други нешта постојано се распаѓаат, па настојувањето да се постигне онаа совршена рамнотежа понекогаш се доживува како речиси невозможна за исполнување цел. Можам да работам и дваесет и четири часа на ден, но сепак никогаш нема да можам да си речам: *Тоа е тоа. Моментално нема друго за работа.*

Ова го споменувам само за да објаснам зошто ова тринеделно патување на Флорида ми е првата вистинска пауза што сум ја направил во последниве седум години. Пејџ, тетка ми и управителот на фармата настојуваа да одам. Пред да стасам овде, никогаш не сум паузирал макар една недела, а на прстите од едната рака можам да избројам колку викенди сум се присилил да се тргнам настрана од сѐ. Постојано размислувам за фармата; првата недела од мојот престој овде, сигурно ѝ ѕвонев едно десетпати на тетка ми за да проверам како оди на фармата. Најпосле ми забрани да ѝ телефонирам додека сум овде. Рече дека таа и управителот ќе се снајдат сосем добро, па последниве три дена не сум ѝ заѕвонил ниеднаш иако имав речиси неодолива потреба да се фатам за телефон. Не ѝ ѕвонев ниту на Пејџ. Непосредно пред да тргнам наваму прими прилично голема нарачка и веќе знам дека нема да ми крене кога ќе се залета со работа, а сето ова само значи дека, покрај тоа што сум на одмор, сум и сам со своите мисли и ми се чини дека така е за првпат по цела вечност.

Прилично сум сигурен дека оваа моја опуштена, здрава верзија без работа ќе ѝ се допаднеше на девојка ми, Мишел. Подобро да речам, на мојата поранешна девојка. Мишел секогаш се жалеше дека повеќе мислам на потребите на фармата одошто на сопствените потреби. Ја познавам уште од средно – тогаш одвај и ја познавав, бидејќи излегуваше со еден рагбист и беше две години постара од мене – но секогаш пријателски се однесуваше кон мене кога ќе се разминевме во училишниот ходник иако беше најубавата девојка во школото. Потоа неколку години исчезна од мојот живот, за повторно случајно да налетаме еден на друг на една забава, откако дипломираше. Стана медицинска сестра и се вработи во медицинскиот центар Видант, но се врати да живее во родителската куќа во надеж дека ќе заштеди доволно пари за уплата на капар за стан во Гринвил. Тој наш првичен разговор доведе до прво рандеву, потоа до второ и потоа бевме во врска следните две години во текот на кои сметав дека сум човек кој има среќа. Беше паметна и одговорна, имаше добра смисла за хумор, но работеше ноќни смени, а јас работев постојано